Република Северна Македонија
**Министерство за финансии**

Трговско друштво за промет и услуги
АСКОМ ДООЕЛ експорт-импорт
Бр. 01-0302/11
25.03. 2026 год.
Скопје

Архивски број: 03 - 1006/1
Датум: 23-03-2026

Договор за јавна набавка за услуги –
одржување на информатичка опрема, активна и пасивна мрежа
(Дел 2 - Одржување на информатичка опрема и мрежна инфраструктура)

Склучен помеѓу:

1. МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ФИНАНСИИ, со седиште на ул. „Даме Груев", бр. 12, Скопје, претставувано од м-р Гордана Димитриеска-Кочоска, во својство на министер за финансии, во натамошниот текст: договорен орган, од една страна и
2. Трговско друштво за промет и услуги АСКОМ ДООЕЛ експорт – импорт Скопје, со седиште на бул. „Авној" бр.70-52, во Скопје, претставувано од Горан Алексовски, управител, во натамошниот текст: носител на набавката.

## I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

Предмет на овој договор е јавна набавка на услуга - одржување на информатичка опрема и мрежна инфраструктура која опфаќа: персонални компјутери, монитори, преносни компјутери, печатари, скенери и мрежна инфраструктура за потребите на Министерството за финансии, по спроведена поедноставена отворена постапка по оглас бр. 23489/2025.

Член 2

Составен дел на овој договор се техничките спецификации дефинирани од страна на договорниот орган дадени во Прилог 1 кон договорот и понудата на носителот на набавката дадена во Прилог 2 кон договорот.

## II. ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРОТ

Член 3

Единечните цени за услугите – предмет на договорот се дадени во Прилогот 2 кон договорот.

Максималната вредност на договорот за одржување на информатичка опрема и мрежна инфраструктура изнесува 630.000,00 денари, без пресметан данок на додадена вредност.

Данокот на додадена вредност од став 1 на овој член изнесува 113.400,00 денари.

Максималната вредност на договорот со пресметан данок на додадена вредност е 743.400,00 денари.

## IV. ВАЖНОСТ НА ДОГОВОРОТ

### Член 4

Договорот е со важност од 12 месеци сметано од денот на потпишувањето од двете договорни страни или до негово вредносно исполнување во зависност од тоа што прво ќе настане.

## III. РАЗЛИКА ВО ЦЕНА (КОРЕКЦИЈА НА ЦЕНИ)

### Член 5

При реализација на договорот за јавна набавка не се предвидува корекција на цените, односно цените искажани во понудата на најповолниот понудувач ќе бидат фиксни за целото времетраење на договорот за јавна набавка.

## IV. ГАРАНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТНО И НАВРЕМЕНО ИЗВРШУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 6

Носителот на набавката е должен заедно со потпишаниот договор да достави банкарска гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот во висина од 10% од максималната вредност на склучениот договор со пресметан ДДВ.

Гаранцијата се доставува во вид на банкарска гаранција во писмена форма или во електронска форма доколку е издадена како таква од банката во изворно оригинална форма.

Гаранцијата треба да биде поднесена во оригинална форма. Копии не се прифаќаат.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде со важност до целосното реализирање на договорот.

Банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде во валутата на која гласи договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот треба да биде издадена од банка.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот се доставува во определениот рок, и тоа: по пошта или лично на лицето за контакт определено од страна на договорниот орган.

Недоставувањето на банкарската гаранција претставува основ за раскинување на овој договор.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот ќе биде наплатена доколку носителот на набавката не исполни некоја од обврските од договорот за јавна набавка во рокот на стасаноста, за што писмено ќе го извести носителот на набавката.

Доколку договорот за јавна набавка е целосно реализиран согласно договореното, банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката во рок од 14 (четиринаесет) дена од денот на целосното реализирање на договорот.

Гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот договорниот орган му ја враќа на носителот на набавката по пошта, лично во седиштето на носителот на набавката или лично во седиштето на договорниот орган.

Договорниот орган ќе ја наплати гаранцијата за квалитетно и навремено извршување на договорот и доколку дојде до негово еднострано раскинување поради неизвршување на обврските од договорот од страна на носителот на набавката.

Договорниот орган нема да бара активирање на банкарската гаранција за квалитетно и навремено извршување на договорот од банката која ја има издадено доколку носителот на набавката поради непредвидени околности (виша сила или други оправдани причини) не можел да ја изврши набавката што е предмет на овој договор, во кој случај носителот на набавката треба да достави писмено образложение до договорниот орган во кое ќе ги наведе причините за неизвршување или ненавремено извршување на набавката, а кое треба да биде писмено прифатено од договорниот орган.

## V. НАЧИН, МЕСТО И РОК НА ИЗВРШУВАЊЕ

### Член 7

Сервисирањето на информатичката опрема и мрежната инфраструктура ќе се врши на повик, односно со писмена порачка по укажана потреба на договорниот орган.

Опремата ќе се поправа во просториите на Министерство за финансии-Сектор за ИТ технологија и дигитализација - Скопје и во просториите во Управата за имотни правни работи во градовите Тетово, Кичево, Охрид, Битола и Прилеп само за печатарите Xerox Altalink B8155 и C8155, освен во случаите кога станува збор за посложени поправки со претходно одобрување од страна на споменатиот Сектор, носителот на набавката опремата ја носи во сопствен сервис.

Носителот на набавката поправките ќе ги врши во просториите на договорниот орган во присуство на претставникот од договорниот орган, а по исклучок за поголеми поправки и дијагностицирање, носителот на набавката опремата ја носи во сопствен сервис за кое е потребно да добие претходно одобрување од страна на договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува да приложи гаранција од производителот доколку изврши вградување на оригинални резервни делови, а старите делови носителот на набавката е должен да ги достави на увид кај определено/овластено лице кај договорниот орган.

Носителот на набавката се обврзува на повик (писмена порачка) на договорниот орган во рок од 3 (три) часа од моментот на приемот на повикот да ја преземе опремата што треба да се сервисира од Министерството за финансии.

Носителот на набавката се обврзува преземената опрема да ја сервисира или поправи со вградување на резервните делови наведени во понудата во рок од 3 (три) работни денови) за поедноставни поправки, односно во рок од 7 (седум) работни денови за посложени поправки.

Во случај на потреба од резервни делови кои не се наведени во понудата носителот на набавката е должен да вградува оригинални или еквивалентни делови.

Секторот ИТ технологија и дигитализација при Министерството за финансии определува кои се посложени поправки.

Во исклучителни случаи, кога поправката е многу посложена, рокот може да биде и повеќе од 7 (седум) работни дена, за што договорниот орган ќе даде писмена согласност по претходно писмено образложение од носителот на набавката.

За извршеното сервисирање и поправки двете договорни страни потпишуваат документ испратница/ работен налог со цело име и презиме.

## VI. НАЧИН И РОК НА ПЛАЌАЊЕ

Член 8

Договорниот орган плаќањето ќе го врши во рок од 30 (триесет) календарски денови, сметано од денот на приемот на фактурата во писарницата на адресата на Министерството за финансии, ул.„Даме Груев" бр.12 Скопје по секоја извршена услуга на повик (писмена порачка) кон која треба да има приложено испратница/работен налог за извршената услуга и вградените делови потпишан со цело име и презиме од лицата определени за реализација на договорот од двете договорни страни.

## VII. ОБВРСКИ НА НОСИТЕЛОТ НА НАБАВКАТА

Член 9

Носителот на набавката се обврзува:

- да се јави на секој повик на договорниот орган за одржување на информатичката опрема и мрежна ифраструктура - предмет на договорот, во роковите утврдени во член 7 од овој договор;
- поправките да ги врши во просториите на договорниот орган во присуство на претставникот од договорниот орган, а по исклучок за поголеми поправки и дијагностицирање, носителот на набавката опремата ја носи во сопствен сервис;
- сервисирањето да го врши стручно, одговорно и квалитетно, со вградување на резервните делови наведени во понудата;
- да се придржува до гарантниот рок за вградените резервни делови што ги дава производителот ;
- старите делови е должен да ги достави на увид кај определено/овластено лице кај договорниот орган и
- во рамките на извршувањето на своите обврски да соработува со вработените кај договорниот орган кои ќе бидат задолжени за реализација на предметниот договор.

Носителот на набавката се обврзува да определи лица кои ќе бидат задолжени за следење на реализацијата на договорот и за истите да го извести договорниот орган.

## VIII. ОБВРСКИ НА ДОГОВОРНИОТ ОРГАН

### Член 10

Договорниот орган се обврзува:

- секоја потребна поправка да ја пријави кај носителот на набавката во писмена форма или преку телефон или по електронски пат, по кое задолжително следува писмена порачка;
- да определи лице за контакт кое ќе биде задолжено за реализација на договорот - одржување на информатичка опрема и мрежна ифраструктура и
- да врши навремена исплата кон носителот на набавката по секоја негова интервенција, односно извршена услуга, согласно со член 8 од договорот.

Договорниот орган се обврзува да определи лица кои ќе бидат задолжени за реализација на договорот и за истите да го извести носителот на набавката.

## IX. ДОВЕРЛИВОСТ НА ИНФОРМАЦИИ И ПОДАТОЦИ

### Член 11

Определените лица од носителот на набавката за реализација на договорот, задолжително потпишуваат Изјава за доверливост на информации и податоци непосредно пред извршувањето на услугата - предмет на договорот.

Под поимот информации и податоци се подразбираат сите внатрешни и надворешни документи, спецификации, лични податоци, истражувања на пазарот или податоци за него, финансиски или маркетиншки информации, други податоци или бизнис, оперативни или технички информации, како и сите останати податоци и информации и независно дали се дадени во писмена, вербална или електронска форма и се во сопственост на договорниот орган.

Исто така, поимот информации и податоци, ги опфаќа и сите други податоци кои не се сопственост на договорниот орган, а се користат за одредени цели во работните задачи и обврски. Тука спаѓаат податоци на сите партнери, клиенти, добавувачи или било кое правно или физичко лице кое со договорниот

орган има засновано деловен или било каков друг однос. Договорниот орган ги става податоците на располагање на носителот на набавката во врска со погоре наведената цел, а за непречено одвивање на работните задачи и обврски.

Член 12

Не се предмет на овој договор информации кои биле или станале јавно достапни, но не како резултат на откривање од страна на носителот на набавката и на договорниот орган и без да бидат прекршени одредбите на овој договор од страна на носителот на набавката што може да се докаже со писмена документација или за кои договорниот орган писмено потврдил дека се ослободени од обврска за неоткривање.

Член 13

Носителот на набавката под целосна морална, материјална и кривична одговорност, се обврзува за време на важноста на договорот и во период од (5) пет години од датумот на неговото истекување или раскинување да ги чува во тајност сите информации и податоци од било која област на договорниот орган, кои ќе му бидат дадени во процесот на соработката и притоа нема да ги искористи истите за лични цели, во име на друго лице, ниту ќе ги даде на увид на трета страна.

Носителот на набавката се обврзува да ги чува во тајност сите документи и податоци кои содржат информации за договорниот орган или неговите активности, како и неговите односи со клиенти или трети лица, а кои биле подготвени или изнесени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган.

Член 14

Носителот на набавката може да ги открие кои било од информациите и податоците наведени во членот 11 став 2 и 3 заради постапување по писмено барање од страна на надлежен орган, со легитимна наредба врз основа на закон. За ваквото барање носителот на набавката веднаш ќе го извести одговорното лице на договорниот орган.

Носителот на набавката, пред да ги даде бараните податоци ќе се увери дека барањето е валидно и е во согласност со важечки закон и ќе ги открие ваквите податоци само до степен до кој тоа е барано од надлежниот орган кој има овластување да бара такво соопштување.

Член 15

За секој настан или сомневање во однос на закана за нарушување на доверливоста, интегритетот и расположливоста на податоците и информациите, носителот на набавката се обврзува веднаш писмено да го извести определеното лице кај договорниот орган.

Член 16

Носителот на набавката по писмено барање на договорниот орган веднаш ќе ги врати или уништи сите документи кои содржат податоци и информации за договорниот орган, а кои се добиени во врска со работата за која носителот на набавката е ангажиран од страна на договорниот орган, без задржување на било какви фотокопии, изводи или друг вид на копии од нив или дел од нив. И покрај уништувањето на било кој податок и материјали носителот на набавката ќе продолжи да се придржува кон неговата обврска од овој договор и други обврски кои произлегуваат од него, за чување во тајност на сите податоци и информации кои ги сознал на било кој начин, при исполнување на неговите обврски кои произлегуваат од овој договор.

Член 17

Објавувањето податоци, рекламирањето или публицитетот, како и прес конференциите направени од страна на носителот на набавката во однос на овој договор или вршење на заеднички деловни активности на договорните страни треба да бидат претходно одобрени од договорниот орган пред нивното спроведување.

Член 18

Одредбите од глава IX од овој договор се правно валидни и обврзувачки и кај сите вработени кај носителот на набавката кои имаат добиено овластување за користење на информациите и податоците кои се уредени со овој договор.

## X. УСЛОВИ ЗА РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

Член 19

Овој договор може да се раскине спогодбено во согласност на двете договорни страни.

Член 20

Овој договор може да се раскине и еднострано поради непридржување или неисполнување на договорните обврски утврдени со овој договор.

Договорната страна која поради непридржување или неисполнување на договорните обврски го раскинува договорот, должна е тоа да и го соопшти на другата договорна страна без одлагање во писмена форма.

Договорот се смета за раскинат со денот на приемот на известувањето за раскинување на договорот.

Доколку дојде до раскинување на договорот поради неисполнување или ненавремено исполнување на обврските на договорот од страна на носителот на набавката, покрај наплата на банкарската гаранција, носителот на набавката ќе биде одговорен за евентуалната штета што би ја предизвикал на договорниот орган како директна или индиректна последица на неговото работење.

Член 21

Кога една од договорните страни нема да ја исполни својата обврска, договорната страна може да бара исполнување на обврската од другата договорна страна или да го раскине договорот, а во секој случај има право на надомест на штетата.

Член 22

Кога договорната страна нема да ја исполни својата обврска во определениот рок, другата договорна страна може да и остави примерен дополнителен рок за исполнување на обврската.

Рокот од став 1 на овој член може да биде продолжен само по писмено барање на носителот на набавката и писмена согласност од договорниот орган.

Ако договорната страна која не ја исполнила својата обврска во определениот рок, не ја исполни обврската ни во дополнителниот рок, другата договорна страна може да го раскине договорот.

## XI. ВИША СИЛА

Член 23

Ниту една од договорните страни нема да биде одговорна за неисполнување на обврските од овој договор до кое би дошло заради виша сила.

Под виша сила се подразбираат настани или околности на кои договорните страни не можат да влијаат и се надвор од нивната контрола, а го попречуваат нормалното извршување на договорот (елементарни непогоди, воени дејства, граѓански немири, штрајкови и сл.).

Вишата сила не вклучува настан што е предизвикан од небрежност или намерна активност што би предизвикала застој во извршувањето на обврските од договорот.

Ако една од договорните страни е спречена да ги исполнува своите обврски заради виша сила, должна е веднаш писмено да ја извести другата страна, со наведување на причините за вишата сила и по можност обезбедување на соодветен доказ.

За времетраењето на вишата сила сите права и обврски од овој договор мируваат.

Договорните страни се обврзуваат на ист начин да ја известат договорната страна за повторното воспоставување на нормални услови за извршување на договорот, односно за престанокот на дејството на вишата сила.

По отстранувањето на вишата сила договорот продолжува да се реализира.

## XII. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 24

Изменувања и дополнувања на договорот можат да се вршат со заедничка согласност на договорните страни по писмен пат.

Договорната страна која бара измена и/или дополнување на договорот е должна своето барање до другата страна да го достави во писмена форма.

Договорот може да се изменува и дополнува со анекс на договорот потпишан од двете договорни страни во согласност со Законот за јавните набавки.

### Член 25

За сѐ што не е предвидено со овој договор, се применуваат одредбите од Законот за облигационите односи, Законот за јавните набавки и од другите позитивни прописи во Република Северна Македонија.

### Член 26

Во случај на спор, договорните страни се согласни спорот да го решат спогодбено, а доколку во тоа не успеат, согласни се спорот да го решава предметно надлежниот суд во Скопје.

Член 27

Обработката на личните податоци при реализацијата на овој договор да биде во согласност со одредбите од Законот за заштита на личните податоци.

Член 28

Овој договор е составен во 4 (четири) еднообразни примероци од кои 2 (два) примероци за договорниот орган и 2 (два) за носителот на набавката.

| Договорен орган: | Носител на набавката |
|---|---|
| Република Северна Македонија | Трговско друштво за промет и |
| Министерство за финансии | услуги АСКОМ ДООЕЛ |
| Скопје | Скопје |
| Министер за финансии | Управител |
| м-р Гордана Димитриеска-Кочоска | Горан Алексовски |

Изработил: Даниела Донова Ризов
Контролирал: Рената Николоска
Даниела Јанкова
Проверил: м-р Маја Стаменковска Угриновска
Михајло Михајловски
Проверил: Андреј Ангеловски
Владимир Стојанов
Ирена Петковски
Согласен: д-р Андриана Матлиоска

Прилог 1 кон Договорот

## ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ

### Дел 2: одржување на информатичка опрема и мрежна инфраструктура

### I. Информатичка опрема

Предмет на доделување на договорот за јавна набавка е хардверско и софтверско одржување, со замена на резервни делови и одржување на постоечка опрема согласно дефинициите на приоритети (дадени во табела 3) и дефинирани процедури за пријавување на дефектите и одржување според следните спецификации:

- **I.1 Персонални компјутери:**
  конфигурации од следните типови модели и количини:

- **HP Compaq 6200 Pro SFF** — **Количина 80**
  Processor: **Intel Core i3 2100**, 3.1 GHz
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  GPU: Intel HD Graphics 2000
  Hard disk storage capacity: min 250 GB
  Media device: DVD +/- RW;

- **DELL Optiplex 790 SFF** — **Количина 138**
  Processor: Intel i5-2400/3.1 GHz
  RAM: 4 GB SDRAM DDR3
  Graphics Coprocessor: Intel HD 2000
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  Media device: DVD +/- RW;

- **DELL Optiplex 790 MT** — **Количина 12**
  Processor: Intel i7-2600/3.40GHz/4 cores/
  RAM: 8 GB SDRAM DDR3
  Graphics Coprocessor: Intel HD 2000
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  Media device: DVD +/- RW;

- **DELL Optiplex 7010SFF** — **Количина 143**
  Processor: Intel Core i3-3240, 3.4 GHz , 3MB cache
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  GPU: Intel HD Graphics 2000
  Media device: DVD +/- RW;
  4GB RAM/

- **Lenovo ThinkCentre M73 SFF** **Количина 70**
  Processor: Intel Core i5-4460, 3.2 GHz,
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  GPU: Intel HD Graphics 4600
  Media device: DVD +/- RW;
  4GB RAM

- **Lenovo ThinkCentre M72E** **Количина 11**
  Processor: Intel Core i5-2500, 3.2 GHz,
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  GPU: On board VGA
  Media device: DVD +/- RW;
  4GB RAM

- **Fujitsu ESPRIMO D757/E85+** **Количина 100**
  Processor: Intel Core i5-7500,
  LAN - Speed: 1,000 Mbit/s
  GPU: On board VGA
  8GB DDR4 RAM
  256 GB M.2 SSD

- **Apple iMac (24")** **Количина 1**
  CPU: Apple M1 chip 8-core
  16 GB RAM
  Storage: 1 TB SSD
  Display: Display 24-inch 4.5K Retina display

- **Dell OptiPlex 5090 Ultra- Intel Core i7** **Количина 8**
  CPU: Intel Core i7
  8 GB RAM DDR4 DIMM 3200
  Storage: 512 GB SSD
  GPU: Intel® UHD Graphics 630

- **Dell OptiPlex 3090 Ultra- Intel Core i5** **Количина 10**
  CPU: 11th Gen Intel Core i5 label n on-vPro
  16 GB RAM DDR4 SODIMM 3200
  Storage: 512 GB SSD
  GPU: Intel® UHD Graphics 630

- **Dell OptiPlex 3090 Ultra- Intel Core i3** **Количина 40**
  CPU: 11th Gen Intel Core i3 label n on-vPro
  8 GB RAM DDR4 DIMM 3200
  Storage: 512 GB SSD
  GPU: Intel® UHD Graphics 630

- I.2. **Монитори:**

  од следните типови модели:

  - **Dell 21" LCD (2211H)** — **Количина 80**
  - **Asus" LCD (VE228TR)** — **Количина 15**
  - **Dell 23" LCD (2311H)** — **Количина 80**
  - **AOC E2280SWN со напојување-исправувач** — **Количина 13**
  - **AOC E2275SWJ, 21.5" LED** — **Количина 100**
  - **Dell 24" Monitor P2422h, LCD/TFT** — **Количина 45**

- I.3. **Преносни компјутери:**

  конфигурации од следните типови модели:

  - **Dell Latitude E5520** — **Количина 19**
    - CPU: Intel i3-2350M
    - Меморија: 4GB 1333 MHz, DDR3 SDTRAM
    - Display: 15.6" FHD LED-becklit
    - Media device: DVD +/- RW;
    - Integrated Graphics Adapter
    - Integrated audio & speaker
    - Wireless 802.11b/g
    - Network interface: Ethernet-Integrated 10/100/1000Mbps;

  - **Dell Latitude E5530** — **Количина 6**
    - CPU: Intel i5-3340M, 2.7GHz
    - Меморија: 1x4GB, 1600MHz DDR3 SDRAM
    - Display: 15.6" LED-becklit
    - Media device: DVD +/- RW;
    - Integrated Graphics Adapter - Intel HD Graphics 4000
    - Integrated audio & speaker
    - Wireless 802.11b/g/n
    - Network interface: Ethernet-Integrated 10/100/1000Mbps;

  - **Lenovo ThinkPad L540** — **Количина 10**
    - CPU: Intel i3-4100M (3MB Cache, 2.50 GHz)
    - Меморија: 1x4GB PC3-12800 DDR3L SDRAM 1600MHz SODIMM
    - Display: 15.6" TFT HD (1366x768) LED Backlit Anti-Glare Display
    - Media device: DVD +/- RW;
    - Integrated Graphics Adapter - Intel HD Graphics
    - Integrated audio & speaker
    - Wireless 802.11b/g/n
    - Network interface: Ethernet-Integrated 10/100/1000Mbps;
    - Напојување: 65W AC Adapter - EU,
    - Батерија: 6 Cell Li-Ion Battery (2.2Ah) 48Wh

- Lenovo ThinkPad L450 Количина 5
  - CPU: Intel i3-4100M (3MB Cache, 2.50 GHz)
  - Меморија: 1x4GB PC3-12800 DDR3L SDRAM 1600MHz SODIMM
  - Display: 14.0" HD (1366 x 768), Anti-Glare
  - Integrated Graphics Adapter - Intel HD Graphics
  - Integrated audio & speaker
  - Wireless 802.11b/g/n
  - Network interface: Ethernet-Integrated 10/100/1000Mbps;
  - Напојување: 45W AC adapter EU Generic, ThinkPad Battery 6 cell Li-Ion (47Whr) Cylindrical

- ASUS - F555LA-XX058D Количина 7
  - CPU: Intel i3-3217U
  - Меморија: 4GB , 1.8GH
  - Display: 15.6"
  - Media device: DVD +/- RW;
  - Integrated Graphics Adapter
  - Integrated audio & speaker
  - Wireless 802.11b/g
  - Network interface: Ethernet
- Dell XPS 13 9310 Количина 1
  - CPU: Intel Core i7-1185G7
  - 16 GB RAM LP DDR4 X Dual Channel SDRAM at 4267MHz
  - Intel Iris Xe Graphics
  - Storage: 1 TB
  - Display: 13.4" 4K Ultra HD+
  - Wireless: 802.11 ax
  - НАпојување: Батерија:4 келиска батерија со 52Whr и адаптер 45 W

- Dell Latitude 5420-Intel Core i5-14" Количина 5
  - CPU: Intel Core i5-1135G7
  - 16 GB RAM DDR4 3200 MHz
  - Display: 14' FHD ISP
  - Storage: 512 GB SSD M.2 PCIe
  - Graphics: Intel Xe
  -

- Dell Latitude 3520-Intel Core 5- 15" Количина 5
  - CPU: Intel Core i5-1145G7
  - 8 GB RAM DDR4 3200 MHz
  - Display: 15 " FHD IPS
  - Storage: 256 GB SSD
  - Graphics: Intel Xe Iris

- **Dell Laltitude 3520-Inter Core i3- 15"** **Количина 20**
  - CPU: Intel Core i3-1115G4
  - 8 GB RAM DDR4 3200 MHz
  - Display: 15 " FHD IPS
  - Storage: 256 GB SSD
  - Graphics: Intel UHD

- **MacBook 13**
  - CPU: Apple M1 8 threats
  - 16 GB RAM
  - Storage: 1 TB SSD
  - Display: 13.3"

- **I.4. Печатари:**

Сервисирање и одржување на печатари, мултифункциски печатари по повик, за потребите на Министерство за финансии за период од 12 (дванаесет) месеци со конфигурации од следните типови модели:

- HP-3390 MFPn LaserJet Количина 1
- Lexmark x340 Mfpn LaserJet Количина 1
- HP LaserJet 2840 Количина 1
- HP LaserJet P2055dn Количина 78
- Lexmark T652dn Количина 35
- Lexmark C746dn Количина 5
- Lexmark MS310dn Количина 30
- Lexmark MS415dn Количина 25
- Lexmark MS417dn Количина 25
- Lexmark E250DN Количина 1
- Lexmark E360DN Количина 2
- Lexmark T640dn Количина 2
- MFP Cannon 6140 DN MFP Количина 2
- MFP Lexmark X656 DE MFC Количина 1
- MFP RICOH Aficio MP 201SPF Количина 1
- MFP Xerox Altalink C8155 Количина 2
- MFP Xerox Altalink B8155 Количина 2
- Xerox B230 Количина 10

- **I.5. Скенери:**

конфигурации од следните типови модели:

- **Xerox DocuMate 3220** **Количина 46**
  Color A4/
  Duplex ADF/Flatbed
  23ppm simplex/46ipm duplex/600dpi

- **Xerox DocuMate 3640** **Количина 2**
  Color A4
  Duplex ADF/Flatbed
  40ppm b&w/600dpi

- **Canon** Image **Formula DR-M160** II **Количина 1**
  Color A4
  Duplex ADF/Flatbed
  60ppm simplex/120ipm duplex/200dpi

- **Fujitsu Fi-7260 (P/N: PA03670-B551)** **Количина 2**
  Color A4/Duplex ADF/Flatbed
  60ppm simplex/120ipm duplex/200dpi (P/N: PA03670-B551)

- **Cannon DR-M260 + Flatbed Scanner Unit 102** **Количина 40**
  Color A4
  Duplex ADF/Flatbed
  60ppm simplex/120ipm duplex/200dpi

- **Epson WorkForce DS-530 II** **Количина 5**
  - Color
  - Duplex Sheet-fed
  - 35 ppm simplex/25 ppm duplex

- **I.6. Мрежна опрема (switch/router):**
  конфигурации од следните типови модели:

  - **Cisco 1841, HSEC/H9** **Количина 17**
    2 FastEthernet interfaces
    1 Serial(sync/async) interface
    2 Virtual Private Network (VPN) Modules
    26624K bytes of memory
    62720K bytes of ATA CompactFlash (Read/Write)

  - **Cisco 2940, WS-C2940-8TT-S** **Количина 17**
  - **Cisco 2960G, WS-C2960G-24TC-L (LANBASEK9-M)** **Количина 17**
  - **Cisco 2960G, WS-C2960G-48TC-L (LANBASEK9-M)** **Количина 1**
  - **Cisco 2960, WS-C2960-24TT-L (LANBASEK9-M)** **Количина 3**
  - **Cisco 3750, WS-C3750G-24T-E** **Количина 1**
  - **Cisco 3750, WS-C3750G-24-TS-S** **Количина 2**

1.7 NAS storage
NAS ware 3.5 HDD WD60EFRX minimum 6 TB **Количина 4**

1.8 ASSY, fan, DL320e Gen 8 за модел HP P/N 675449-082; MODEL GFM0412SS DC12W 1,82A DD03 MAX CURRENT 1.0A **Количина 2**

За поправките кои не се опфатени со спецификацијата на резервни делови (Прилог кон понудата), Економскиот оператор потребно е да понуди вредност на еден норма/час, при што поправките/сервисирањата би се наплатувале/исплатувале согласно следниве дефинирани вредности:

**Табела I.8**

| | Тип на опрема | Модел | Број на норма/часови | |
|---|---|---|---|---|
| | | | Хардверски интервенции | Софтверски интервенции |
| 1. | Персонален компјутер | - DELL Optiplex 790 SFF<br>- DELL Optiplex 7010SFF<br>- Lenovo ThinkCentre M73 SFF<br>- Lenovo ThinkCentre M72 e<br>- Fujitsu ESPRIMO D757/E85+ | 2 | 2 |
| 2. | Преносен компјутер | - Dell Latitude E5520<br>- Dell Latitude E5530<br>- Lenovo ThinkPad L540<br>- Lenovo ThinkPad L450<br>- ASUS - F555LA-XX058D | 2 | 2 |
| 3. | Монитори | - Dell 21" LCD (2211H);<br>- Dell 23" LCD (2311H);<br>- Asus" LCD (VE228TR);<br>- AOC E2280SWN<br>- AOC E2275SWJ | 3 | / |
| 4. | Печатар | Сите модели | 1.5 | 1.5 |
| 5. | Скенер | Сите модели | 1.5 | 1.5 |
| 6. | Мрежна опрема | Сите модели | 2 | 2 |
| 7. | Поправка разно – неопфатено | / | 2 | 2 |

- Во хардверски интервеции спаѓаат - дијагностика и отстранување на хардверски проблеми, менување на резервен дел.
- Софтверски интервенции - дијагностика и отстранување на софтверски проблеми, дополнително администрирање и конфигурирање на опремата, одржување на информатичката опрема (BIOS, Firmware, понова верзија на софтвер).

Во финансиската понуда треба да се прецизира цената на 1 норма/час за хардверски интервенции и софтверски интервенции.

Доколу при извршување на услугата биде потребно да се вградуваат резервни делови кои не се опфатени во листите со резервни делови, носителот на набавката е должен да достави понуда, а по нејзиното прифаќање од страна на договорниот орган, ќе може да се пристапи кон извршување на услугата. Носителот на набавката е должен старите делови да ги достави на увид кај определено/овластено лице кај договорониот орган.

Поправки или работи од поголем обем ќе се вршат само по претходна пресметка и писмена согласност од страна на крајниот корисник – Министерството за финансии.

Поправката да се врши со нови оригинални делови или еквивалентни делови за опремата, а старите делови носителот на набавката е должен да ги достави на увид кај определено/овластено лице кај договорониот орган.

Опремата ќе се поправа во просториите на Министерство за финансии-Сектор за информатика Скопје и во просториите во Управата за имотни правни рабори во градовите Тетово, Кичево, Охрид, Битола и Прилеп само за печатарите Xerox Altalink B8155 и C8155 освен во случаите кога станува збор за посложени поправки со претходно одобрување од страна на споменатиот Сектор.

**Во цената на резервните делови е вклучено: цена, царина, ДДВ, транспорни трошоци (превземање на информатичка опрема и враќање), вградување (работна рака).**

**Важна напомена**: Одржувањето на хардвер и софтвер се однесува само за постоечките системи кои се предмет на одржување/поправка. Со оваа постапка за јавна набавка не се предвидува купување на нов хардвер и софтвер независно од веќе постоечките.

## II. Мрежна инфраструктура

Одржување и проширување на постоечката пасивна мрежна инфраструктура во објектите на Министерството. Мрежата е од Cat. 5e, Cat. 6a изведена со двојни и единечни приклучоци, хоризонталната инсталација е положена во пластични пок-канали, во спуштен плафон и парапет. Печ-панелите се монтирани во 19" стандардени ормари од 9U, 12U и 42U.

Одржувањето опфаќа замена на резервни делови, согласно дефинициите на приоритети (дадени во табела 3) и дефинирани процедури за пријавување на дефектите и според следните спецификации:

**Табела II.1**

| | Материјали и делови на пасивна мрежна опрема |
|---|---|
| 1 | FTP Cat.5e/6a |

| | |
|---|---|
| 2 | Пластични пок-канали 25x25 |
| 3 | Пластични пок-канали 40x40 |
| 4 | Единечна наѕидна приклучница, со 1x Screened Snap-In Connector Cat.5e/6a |
| 5 | Двојна наѕидна приклучница, со 2x Screened Snap-In Connector Cat.5e/6a |
| | Двојна модуларна приклучница за подна кутија Cat.6a |
| 6 | Модуларен празен Patch Panel за 24 конектори (со интегриран хоризонтален водич за кабли - Cable Guide) |
| 7 | Screened Snap-In Connector Cat.5e/6a за Patch Panel |
| 8 | 24 портен Cat.5e/6a Patch Panel (со интегриран хоризонтален водич за кабли - Cable Guide) |
| 9 | RJ45 Patchcord Cat.6a , Screened/2m (brand name) |
| 10 | RJ45 Patchcord Cat.6a, Screened/3m (brand name) |
| 11 | RJ45 Patchcord Cat.6a, Screened/5m (brand name) |
| 13 | Patch guide 1 HU |
| 14 | Wall Mounted Rack 6U 600mm x 450mm |
| 15 | Црево за заштита на кабли за надворешна употреба |
| 16 | USB port to RS-232 Serial Adapter DB-9 Female |
| 17 | USB port to RJ45 female network connection (min. Ethernet 100 Mpbs) |
| 18 | Network 10/100/1000 Mbps 32-Bit Gigabit Low Profile PCI Adapter, Card |

**Табела II.2**

| | **Инсталација на материјали и пасивна мрежна опрема** |
|---|---|
| 1 | Положување на Cat.5e/6a кабел |
| 2 | Инсталација на пластичен канал |
| 3 | Инсталација на приклучница (монтажа на дозна на ѕид) |
| 4 | Инсталација/конекторизација на Cat.5e/6a конектор во приклучница/Patch Panel<br>Инсталација/конекторизација на Cat./6a конектор во подна |

| | |
|---|---|
| | кутија |
| 5 | Инсталација на печ-панел (монтажа на печ-панел) |
| 6 | Пробив на ѕид - хоризонтален/вертикален (до 30 cm) |
| 7 | Кабловен менаџмент (монтажа на печ-гајд и аранжирање на печкорди во ормар) |
| 8 | Инсталација на приклучен ѕиден ормар (<12U) |
| 9 | Инсталација на дополнителна опрема за ормар (свич, напојна летва) |
| 10 | Инсталација на 19" Patch Guide |
| 11 | Испитување на постоечка инсталација/линк |
| 12 | Инсталација на кабел во црево за заштита на кабли за надворешна употреба |
| 13 | Работен час на техничко лице (за дополнитални работи) |

Во финансиската понуда во табела II.1 треба да се понуди цена на материјалите и деловите по дадената единица мерка, додека во табела II.2 се внесува цената за инсталација на наведените материјали и делови. За интервенции и услуги кои не се наведени во табелата, цената ќе се пресметува по понудената цена на работен час на техничко лице.

Доколу при извршување на услугата биде потребно да се вградуваат резервни делови кои не се опфатени во листите со резервни делови и не се дадени цени, носителот на набавката е должен да достави понуда, а по нејзиното прифаќање од страна на договорниот орган, ќе може да се пристапи кон извршување на услугата.

Поправки или работи од поголем обем ќе се вршат само по претходна пресметка и писмена согласност од страна на крајниот корисник – Министерството за финансии.

Поправката да се врши со нови оригинални делови или еквивалентни делови од производителот на опремата. Носителот на набавката е должен старите делови да ги достави на увид кај определено/овластено лице кај договорониот орган.

Дефинициите на приоритети

Табела 3

| Приоритет[1] | Дефиниција[2] | Одзив. Преземање на опремата | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|
| 1<br>**ИТНО – Дефект/одржување/проширување со многу висок приоритет, итен случај, блокирање на системот, поедноставни поправки** | Под приоритет 1 – ИТНО, се подразбира проблем во функционирањето на опремата, системот или мрежната инфраструктура, или негов значаен дел, при што истите не можат да ја извршуваат својата функција, и предизвикува застој или го успорува нормалното работење на Економскиот оператор | 3 часа | 1 ден | 3 дена |
| 2<br>**Сериозен дефект/одржување/проширување – кој предизвикува голем прекин во работата на системот** | Под приоритет 2 – Сериозен дефект, се подразбира проблем при кој оперативните карактеристики на системот се такви да дел од работните активности не функционираат или системот не работи со полн капацитет | 3 часа | 2 дена | 5 дена |
| 3<br>**Мали недостатоци, сложени поправки** | проблем во функционирањето на опремата, системот или мрежната инфраструктура кои имаат мало влијание на работните активности на Економскиот оператор, односно овозможуваат користење на системот со намалена функционалност | 24 часа | 5 дена | 7 дена |

1 Носителот на набавката врши верификација на приоритетот

2 Доколку не се санира во предвидениот рок, нивото на приоритет се подига автоматски за еден

| Приоритет[1] | Дефиниција[2] | Одзив. Преземање на опремата | Време на санација | Време на решавање |
|---|---|---|---|---|
| | и/или работење | | | |

Во исключителни случаи, кога поправката е многу посложена или проширувањето е од поголем обем, рокот може да биде и повеќе од седум (7) работни дена, за што договорниот орган ќе даде согласност по писмен или електронски пат, по претходно писмено образложение од носителот на набавката.

**Процедури за пријавување на проблемите и барањата**

Договорниот орган, преку своето овластено лице ќе го пријави на носителот на набавката проблемот или барање за интервенција по електронски пат/писмена порачка во текот на работното време. Исклучок се случаите со Приоритет 1, кои можат да се пријават веднаш, преку телефон со дополнителна достава по електронски пат/писмена порачка.

Пријавувањето на проблеми и комуникацијата кон Носителот на набавката ќе се врши преку лица што ќе ги определи договорниот орган.

НАПОМЕНА:

**Договорниот орган по потреба може за дел од ставките дадени во Табелата да нарача повеќе количини, додека за дел воопшто да не изврши нарачка.**

**Договорот ќе се склучи на вредноста на определените средства со Одлуката за јавна набавка, а ќе се реализира согласно прифатените единечни цени во зависност од потребите на договорниот орган.**

**Поправката/Испораката ќе се врши сукцесивно според потребите на договорниот орган и исклучиво врз основа на нарачка издадена од договорниот орган.**

**Единечните цени ќе се користат за евалуација, а при реализација на договорот, договорниот орган го задржува правото одредени ставки да ги искористи во повеќе наврати, а одредени ставки воопшто да не ги искористи.**

Прилог 2 кон Договорот

**Образец на понуда**

Врз основа на огласот 23489/2025 објавен од страна на Министерство за Финансии, за Одржување на информатичка опрема, активна и пасивна мрежа, со спроведување на набавка од Поедноставена отворена постапка, и тендерската документација, ја поднесуваме следнава:

## П О Н У Д А

**Дел I – Информации за понудувачот**

I.1. Име на понудувачот: Трговско друштво за промет и услуги АСКОМ ДООЕЛ експорт - импорт Скопје

I.2. Контакт информации

– Адреса: БУЛЕВАР АВНОЈ 70-52
– Телефон:022 458 401
– Факс: 2458401
– Е-пошта: ascom@mt.net.mk
– Лице за контакт: Филип Алексовски

I.3. Одговорно лице: Горан Алексовски

I.5. Матичен број: 4804961

I.6 Жиро сметка:300-0000-000-527-07

I.7 Банка Депонент:Комерцијална банка АД Скопје

**Елементи на понудата**

- Изјава за докажување на способност
- Изјава за сериозност
- Техничка понуда
- Финансиска понуда

**Овој образец не се потпишува своерачно, туку исклучиво електронски, со прикачување на валиден дигитален сертификат чиј носител е одговорното лице или лице овластено од него.*

**Спецификација на резервни делови со вклучена работна рака за замена, надградба и конфигурација:**

**Информатичка опрема дел 2**

| | **Табела I.1 - Персонални компјутери:** | | | да се пополни | да се пополни |
|---|---|---|---|---|---|
| Реден број | Резервен дел | Ед.мерка | Кол. | Понуден резервен дел (Part Number) | Производител |
| | **HP Compaq 6200 Pro SFF** | | | | |
| 1 | 3.5" bracket & mounting screws | парче | 1 | 4044951013586 | Sharkoon |
| 2 | Power supply Unit | парче | 1 | 613762–001 | HP |
| 3 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | 635523-001 | HP |
| | **DELL Optiplex 790 SFF** | | | | |
| 4 | Power supply Unit | парче | 1 | H240AS-00 | Dell |
| 5 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | 430-5088 | Dell |
| | **DELL Optiplex 7010 SFF** | | | | |
| 6 | Power supply Unit | парче | 1 | H240AS-00 | Dell |
| 7 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | 430-5088 | Dell |
| | **Lenovo ThinkCentre M73 SFF** | | | | |
| 8 | PCI Express 3.0 x16 to M.2 NVMe SSD (Key M) Card with Heat Sink | парче | 1 | MC0002 | EN-Labs |
| 9 | Power supply Unit | парче | 1 | 54Y8849 | Lenovo |
| | **Lenovo ThinkCentre M72 E** | | | | |
| 10 | PCI Express 3.0 x16 to M.2 NVMe SSD (Key M) Card with Heat Sink | парче | 1 | MC0002 | EN-Labs |
| 11 | Power supply Unit | парче | 1 | 54Y8849 | Lenovo |
| 12 | Целосно чистење на персонален компјутер | парче | 1 | | |
| | Fujitsu ESPRIMOP D757/E85+ | | | | |
| 13 | Power supply Unit | парче | 1 | S26113-E591-V20-01 | Fujitsu |
| 14 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | S26361-F3067-L60 | Fujitsu |
| | Apple iMac (24") | | | | |
| 15 | Екран: Display 24-inch 4.5K Retina display | парче | 1 | LM235UH1(SD)(C1) | Apple |
| | Dell OptiPlex 5090 Ultra- Intel Core i7 | | | | |
| 16 | Power supply Unit | парче | 1 | H200EBS-01 | DELL |
| 17 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | 430-5088 | DELL |
| | Dell OptiPlex 3090 Ultra- Intel Core i5 | | | | |
| 18 | Power supply Unit | парче | 1 | H200EBS-01 | DELL |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 19 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | 430-5088 | DELL |
| | Dell OptiPlex 3090 Ultra- Inter Core i3 | | | | |
| 20 | Power supply Unit | парче | 1 | H200EBS-01 | DELL |
| 21 | Gigabit Ethernet PCIe Network Interface Card | парче | 1 | 430-5088 | DELL |
| | Табела I.2 - Монитори: | | | | |
| 22 | Dell 21" LCD (2211H) | парче | 1 | E2222H | DELL |
| 23 | Asus" LCD (VE228TR) | парче | 1 | VP227HE | ASUS |
| 24 | Dell 23" LCD (2311H) | парче | 1 | E2424HS | DELL |
| 25 | **AOC E2280SWN Mod. 215LM0056** | парче | 1 | 24B3HA2 | AOC |
| 26 | AOC E2275SWJ, 21.5" LED | парче | 1 | 24B3HA2 | AOC |
| 27 | Dell 24" Monitor P2422h, LCD/TFT | парче | 1 | E2424HS | DELL |
| 28 | Power supply adapter 19V 1.3A EUROPE (Power Supply Cord Cable PS Charger Mains PSU CECCCROHS 100-240V) | парче | 1 | DPP4S1 | AOC |
| | **Табела I.3 - Преносни компјутери** | | | | |
| | **Dell Latitude E5520&E5530** | | | | |
| 29 | Адаптер за напојување, 90W | парче | 1 | ADPADP4 | DELL |
| 30 | Battery, 6-cell, 60Whr Lithium Ion | парче | 1 | T54FJ | DELL |
| 31 | LCD Panel 15.6" | парче | 1 | B156XW02 | DELL |
| | **Lenovo ThinkPad L540** | | | | |
| 32 | Напојување: 65W AC Adapter | парче | 1 | SA10J20148 | Lenovo |
| 33 | Батерија: 6-cell Li-Ion Battery (2.2Ah) 48Wh | парче | 1 | 0C52863 | Lenovo |
| 34 | LCD Panel 15.6" | парче | 1 | B156XTN02.6 | Lenovo |
| | **Lenovo ThinkPad L450** | | | | |
| 35 | Battery 6 cell Li-Ion (47Whr) | парче | 1 | 0C52862 | Lenovo |
| 36 | Напојување: 45W AC adapter | парче | 1 | 5A10J75117 | Lenovo |
| 37 | LCD Panel 14" | парче | 1 | 04X4807 | Lenovo |
| | **ASUS - F555LA-XX058D** | | | | |
| 38 | Battery Lithium Battery Energy Content, 37 watt_hours, Lithium Battery Packaging Batteries packed with equipment, Lithium Battery Weight 500 Grams | парче | 1 | C21N1347 | ASUS |
| | Dell XPS 13 9310 | | | | |
| 39 | Батерија:4 келиска батерија со 52Whr | парче | 1 | 2XXFW | DELL |
| 40 | Адаптер за напојување, 45W | парче | 1 | LA45NM150 | DELL |
| 41 | Дисплеј: 13.4" 4KUltra HD+ (3840x2400) | парче | 1 | 105D4 DHVRT KW93J W30 | DELL |
| | Dell Latitude 5420-Intel Core i5-14" | | | | |
| 42 | Батерија:4 келиска батерија со 63Whr | парче | 1 | M033W | DELL |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 43 | Адаптер за напојување, 65W | парче | 1 | 2YK0F | DELL |
| 44 | Дисплеј: 14" FHD IPS | парче | 1 | GC2FN | DELL |
| 45 | Целосно чистење на преносен компјутер | парче | 1 | [redacted] | |
| | Dell Latitude 3520-Intel Core 5- 15" | | | | |
| 46 | Батерија:4 келиска батерија со 54Whr | парче | 1 | XDY9K | DELL |
| 47 | Адаптер за напојување, 65W | парче | 1 | 492-BDBZ | DELL |
| 48 | Дисплеј: 15" FHD IPS | парче | 1 | 5NG4M | DELL |
| 49 | Целосно чистење на преносен компјутер | парче | 1 | [redacted] | |
| | Dell Laltitude 3520-Intel Core i3- 15" | | | | |
| 50 | Батерија:4 келиска батерија со 54Whr | парче | 1 | XDY9K | DELL |
| 51 | Адаптер за напојување, 61W | парче | 1 | 492-BDBZ | DELL |
| 52 | Дисплеј: 15" FHD IPS | парче | 1 | 5NG4M | DELL |
| 53 | Целосно чистење на преносен компјутер | парче | 1 | [redacted] | |
| | MacBook 13 | | | | |
| 54 | Батерија: батерија со 58.2Whr | парче | 1 | 616-00575 | APPLE |
| 55 | Адаптер за напојување, 61W USB-C | парче | 1 | MXN53ZM/A | APPLE |
| 56 | Дисплеј: 13.3" | парче | 1 | 661-15733 | APPLE |
| 57 | Целосно чистење на преносен компјутер | парче | 1 | [redacted] | |
| | **DELL Latitude 3510, 210-AVLN** | | | | |
| 58 | Батерија: 4 Cell 53Whr ExpressCharge Capable Battery | парче | 1 | H5CKD | DELL |
| 59 | Напојување: AC power adapter, 65W | парче | 1 | MGJN9 | DELL |
| 60 | Екран: 15.6" FHD | парче | 1 | NV156FHMN3D | DELL |
| | **DELL Latitude 5310 BTO, 210-AVBC** | | | | |
| 61 | Батерија: 4 Cell 60Whr ExpressCharge Battery | парче | 1 | MXV9V | DELL |
| 62 | Напојување: AC power adapter, 90W | парче | 1 | ADP90LD | DELL |
| 63 | Екран: 13.3" FHD | парче | 1 | B133HAK02.1 | DELL |
| 64 | Целосно чистење на преносен компјутер | парче | 1 | [redacted] | |
| | **MacBook Air (13-inch, 2017)** | | | | |
| 65 | Батерија: Built-in 54-watt-hour lithium-polymer battery | парче | 1 | 54WA1496 | Apple |
| 66 | Напојување: MagSafe 2 Power Adapter, 45W | парче | 1 | MD592Z/A | Apple |
| 67 | Екран: 13.3" LED | парче | 1 | 661-02397 | Apple |
| 68 | Целосно чистење на преносен компјутер | парче | 1 | [redacted] | |
| | **iPad Air 4** | | | | |
